ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број: 27 – 156/11**

**Дата: 18.11.2011**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**КЛИНИЧКА БОЛНИЦА "Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ" БИТОЛА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Клиничка болница "Д-р Трифун Пановски" Битола (во натамошниот текст Клиничка болница) за 2010 година.
Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Клиничка болница за 2006 година и за усогласеноста на законите и прописите, при што е издадено негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година утврдено е дека се спроведени препораките кои се однесуваат во делот на обезбедување на доказ за сопственост на имотот, во континуитет се врши усогласување на состојбите со купувачите и добавувачите, обезбедена е документација за донираната опрема во одделението за нуклеарна медицина, јавните набавки се спроведуваат согласно законската регулатива, освен во делот на договорите.
За финансиските извештаи за 2010 година изразено е мислење со резерва во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласување со законите и прописите.
Со увид во пописниот елаборат констатирано е нецелосно извршен попис на постојаните средства и на лековите, медицинските помагала и друг потрошен материјал. Не е извршено усогласување на фактичката состојба со сметководствената евиденција за овој вид на средства. Со ревизијата е

констатирана неусогласеност на материјална евиденција со пописот и не воспоставена финансиска евиденција на лековите и медицински помагала и друг потрошен материјал по организациони единици - одделенијата/дневни болници.

Ревизијата препорачува целосно спроведување на пописот на сите средства и усогласување на фактичката со сметководствената евиденција, воспоставување на материјална и сметководствена евиденција на лековите, медицински помагала и друг потрошен материјал со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици - одделенијата/дневни болници.

Евидентирани се побарувањата од физички лица во вкупен износ од 61.547 илјади денари, кои се ненаплатени од минати години во износ од 52.844 илјади денари и од 2010 година во износ од 8.703 илјади денари, кои произлегуваат од извршени здравствени услуги на пациенти со статус на здравствено осигурени лица за кои не е платен придонес за здравствено осигурување од страна на работодавците, недоставена комплетна документација и ненаплатена партиципација од пациентите при прием и испис по извршено лекување. Клиничка Болница континуирано презема мерки за наплата на побарувањата од приватните лица, со доставување на опомени во текот на годината и поведување на судски постапки, по кои не е обезбедена значителна наплата на побарувањата.

Со ревизија на обврските спрема добавувачите, ревизијата констатира дека Клиничката болница на ден 31.12.2010 година има неизмирени обврски спрема добавувачи во износ од 146.445 илјади денари, од кои 81.900 илјади денари се доспеани, поради не обезбедени дополнителни финансиски средства за исплата на плати во 2009 година во износ од 58.733 илјади денари и тоа: за ново вработени 63 работници (добиена согласност од Министерството за финансии) и исплата на разлика на плата со примената на концептот на бруто плата.

Имајќи го во предвид износот на склучениот договор со ФЗОМ кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат од Фондот и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека Фондот како единствен купувач на здравствените услуги не ги надоместува во износ според вистински извршените услуги, туку според договорениот лимит. Заради наведеното Клиничка болница во 2010 година има наплатено во помал износ од 13.166 илјади денари во однос на вистински извршените здравствени услуги.

Од страна на Клиничка болница добиени се забелешки на констатациите од Нацрт извештајот, при што истите се делумно прифатени во Конечниот извештај.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 18 - 20 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Клиничка болница "Д-р Трифун Пановски" Битола, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Клиничка болница за 2006 година и изразеното е негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на Клиничката болница, застапувана од:

- Д-р Димче Кузмановски, директор од 30.10.2007 до 08.07.2010 година,
- Сузана Бошевска дипл. економист, директор од 30.10.2007 до 08.07.2010 година,
- Д-р Михајло Џолонга, в.д. директор од 08.07.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Клиничка болница се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на

износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.05.2011 до 27.07.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај од ОДР за 2006 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година констатирано е следното:

- Преземени се мерки во делот на изготвување на Планот за трошоци и приходи согласно барањата на Фондот и Планот за јавни набавки,
- Преземени се активности за обезбедување на доказ на сопственост на имотот,
- За привремено вработените лица обезбедени се согласности од надлежните органи,
- Континуирано се врши усогласување на состојбите со добавувачите и купувачите,
- Обезбедена е документација за донираната опрема во одделението за нуклеарна медицина,
- Јавните набавки се спроведуваат согласно законската регулатива, освен во делот на договорите.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот предмет на ревизија, одржан на ден 26.07.2011 година.
Од страна на Клиничка болница добиени се забелешки на констатациите од Нацрт извештајот, и тоа на точките 4.1.1, 4.1.2, 4.1.3, 4.3.1, 4.4.1, 4.4.3, при што се прифатени забелешките на точките 4.4.1. алинеја 1 и 3, делумно се прифатени забелешките на точката 4.4.3, додека забелешките на останатите точки не се прифатени од страна на ревизијата.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на набавки и плаќање**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, ревизијата констатира неправилно функционирање на воспоставените контроли пропишани со процедурите за контрола кај архивското и сметководственото работење. Имено, документацијата во деловникот која не е хронолошки и ажурно презентирана во одделни случаи не е контролирана од лицето ликвидатор надлежен за финансиска контрола, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Неправилното функционирање на утврдените контроли, создаваат ризик трансакциите евидентирани во деловните книги на Клиничката болница да не се точни, целосни и навремени.

Ревизијата не дава препорака за наодот поради тоа што од месец јули 2010 година од страна на работоводниот орган на Клиничката болница преземени се мерки и активности за воспоставување и функционирање на утврдените контроли, поделба на надлежностите и одговорностите на лицата задолжени за контрола во процесот на набавки и плаќање.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на управување и евидентирање на залихите на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал, ревизијата констатира неправилно функционирање на контролите од страна на службата за АОП кои се предвидени со процедурите за контрола, а се однесуваат на евидентирање на потрошокот и пописот по организациони

единици - одделенијата/дневни болници, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Ваквата состојба создава ризик искажаните податоци да не се целосни и ажурни и да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал по организациони единици - одделенијата/дневни болници на Клиничката болница.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Клиничката болница да преземат мерки за воспоставување на контроли кои ќе овозможат целосност на податоците поврзани со требувањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал во секоја организациона единица - одделенијата/дневни болници.

**ИТ системот на Клиничката болница**

4.1.3. Со направеното снимање на информациониот систем на Клиничка болница утврдено е дека:

- Не е изготвена стратегија за развој на информациониот систем. Во текот на ревизијата донесен е план за развој на информациониот систем во Клиничката болница, кој претставува еден од чекорите за подготовка на Стратегијата за развој на информациониот систем,
- Не се изготвени политики и процедури за користење на информатичката технологија, како и за безбедност на информациониот систем и
- Не е воспоставен систем со централизиран пристап и не е извршена поделба на должностите на ниво на оперативен систем.

Наведените состојби не се во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност и го зголемуваат ризикот од несоодветен развој на информациониот систем, неовластен пристап до податоците и губење на податоци во случај на хаварија.

**Препораки:**

- Да се донесат политики и процедури за користење на информатичката технологија и безбедност на информациониот систем,
- Да се преземат мерки за зголемување на безбедноста на пристапот до податоците, нивното чување и достапност и

- Да се изготвува на месечно ниво копија на податоци кои се поврзани со работењето на болницата.

4.1.4. Направено е снимање на апликациите кои се користат во Клиничка болница, при што е утврдено дека:

- Не е воспоставена поделба на должностите на ниво на апликации и заштита за најавување во апликациите и
- во апликацијата за болничко работење нема автоматска контрола на внес на потрошени лекарства за пациент што создава можност за внесување на артикли кои ги нема на залиха по одделенија.

Наведената состојба создава ризик од намалување на валидноста и комплетноста на податоците и несоодветно користење на апликациите.

**Препораки:**

- Да се воспостави поделба на должностите и привилегиите на ниво на апликација,
- Да се воведат автоматизирани контроли/забрани за фактурирање на артикли кои ги нема на залиха во одделението.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Правилникот за организација и систематизација на работни места не содржи целосен опис на работните задачи, а за дел од работните места описот на работните задачи произлегуваат од периодот кога Клиничката болница е во состав на ЈЗО Медицински центар Д-р Трифун Пановски Битола. Некомплетноста на наведениот акт и неусогласеноста на истиот со Колективниот договор за здравствена дејност, придонесува до нецелосна поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во текот на 2011 година Клиничка болница има отпочнато постапка за изготвување на нов Правилник за организација и ситематизација, согласно Законот за јавни службеници.

4.2.2. Клиничка болница нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Клиничка болница нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на

финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Клиничка болница, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да основа Единица за внатрешна ревизија.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Со ревизија на извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските, со состојба на 2010 година констатирано е следното:

- Поединечната опрема не е обележана со инвентарни броеви, а пописните листи не содржат податок за сметката на која припаѓа секое средство, со што е отежнато усогласувањето на фактичката со сметководствената евиденција,
- Пописот на лекови и медицински материјали по организациони единици - одделенијата/дневни болници не е целосен, односно не е извршен попис на дел од организациони единици (урологија, анестезија, патологија, рентген, ургентна медицина),
- Од страна на комисијата за попис не е изготвен рекапитулар и не е извршено усогласување на состојбата од материјалната со фактичката состојба на залихите на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал утврдена со попис по организационите единици – одделенијата/дневни болници,
- Не е воспоставена финансиска евиденција на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал по организациони единици - одделенијата/дневни болници, со што материјалите на залиха во Билансот на состојбата се искажани во помал износ од 11.654 илјади денари кој е евидентиран како состојба во материјалната евиденција.

Нецелосно спроведениот попис на лекови и медицински материјали, неусогласеност на материјална евиденција со пописот и не воспоставена финансиска евиденција на лековите и медицински помагала и друг потрошен материјал по организациони единици - одделенијата/дневни болници, како и неизвршеното усогласување на фактичката состојба на постојаните средства со сметководствената состојба придонесува Клиничка болница да нема увид над реалното трошење на залихите во секоја организациона единица-

одделенијата/дневни болници пооделно, како и нецелосен увид во состојбата на постојаните средства. Наведеното е спротивно на одредбите на член 6, член 19 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 11 и 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

- Работоводниот орган да овозможи целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на фактичката со сметководствената состојба.
- Работоводниот орган на Клиничка болница да преземе мерки за целосна примена на системот на материјална и финансиска евиденција на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал по организационите единици и да врши попис на целокупните залихи, со усогласување на фактичката со материјалната и сметководствената евиденција.

4.3.2. Во текот на 2010 година извршено е сторнирање на побарувања од ФЗОМ за извршени здравствени услуги за акутна нега на хоспитализирани болни и амбулантско лекување во вкупен износ од 15.436 илјади денари, за фактури кои се вратени од страна на ФЗОМ поради неправилности при фактурирањето, што не е во согласност со член 20 од договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита со ФЗОМ за 2010 година и тоа:

- Сторнирани се фактури за извршените здравствени услуги во амбулантско лекување, поради пропусти при комплетирање на документацијата, погрешно внесен пакет за извршени здравствени услуги, технички грешки на упатите, невалидни сини картони од пациенти, непризнати упати од итна медицинска помош при пружање на здравствени услуги на пациентот во периодот на празници-ноќе, повисоки цени на лековите од референтните цени кои ги признава Фондот и др.
- Сторнирани се фактури за извршените здравствени услуги за акутна нега на хоспитализирани болни, поради неправилно кодирање на дијагнози по ДСГ метода и наплатена е повисока партиципација, по кој основ во 2010 година поради повреда на член 32 од договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита со ФЗОМ Клиничката болница има исплатено на ФЗОМ договорена казна во износ од 150 илјади денари.

Наведеното корегирање на побарувањата од ФЗОМ за извршените здравствени услуги имаат влијание во помалку искажување на побарувањата.
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во текот на 2011 година од страна на в.д. директорот на Клиничка болница донесена е Наредба со која се назначува лице за контрола на комплетноста, уредноста и точноста на документацијата за извршените здравствени услуги и превземање на мерки за комплетиирање на истата при фактурирање до ФЗОМ согласно договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита.

### 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2009 и 2010 година, извршена е ревизија на вкупно 98 од вкупно 184 спроведени постапки во вкупен износ од 249.821 илјади денари кои учествуваат со 77,94% од вкупната реализација на склучените договори, при што констатирана е следната состојба:

4.4.1. Со детално тестирање на отворените постапки за набавка на лекови бр.23/2009, набавка на цитостатици број 24/2009 реагенси по апарати број 28/2009, филмови за рентген снимања број 29/2009, реагенси за биохемиска лабораторија број 4/2009, гумени и лимени затворачи и стаклени шишиња за инфузија број 6/2009, медицински потрошен материјал број 10/2009 и набавка на кеси за крв и очни леќи број 43/2009, како и постапка за барање за прибирање на понуди со објавување на оглас за набавка на erythropoietin број 25/2/2009 утврдено е следното:

- Учесниците во постапката не се известени за извршениот избор за најповолна понуда со што не може да се утврди дали договорот е склучен по конечноста на одлуката за избор, што не е во согласност со член 167 и член 216 од Законот за јавни набавки,
- Меѓународната објава на отворените постапки за набавка на лекови бр.23/2009 и набавка на цитостатици бр.24/2009 во Службено гласило на Европската унија е во вид на известување за склучен договор, а не како оглас за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 54 став 2 од Законот за јавни набавки.
- Во спроведените на постапки со преговарање (со и без објавување оглас) за набавка на дел од лотовите на лекови и цитостатици во 2009 година, одлуките за јавна набавка не содржат износ на обезбедени средства, не е изготвена тендерска документација и извештај од преговарањето и не е извршено известување за избор, што не е во согласност со член 89 и член 99 од Законот за јавни набавки,

- Во отворената постапка за набавка на кеси за крв и очни леќи бр.43/2009 тендерската документација не содржи технички карактеристики на предметот на набавка и не е предвиден квалитет како критериум кој се бара при испораката.

4.4.2. Со детално тестирање на постапките за јавна набавка спроведени во 2010 година констатирано е дека склучените договори со избраните економски оператори се во вкупна вредност без поединечна цена, вид и количина за предметот на набавка наведени во понудите, што не е во согласност со член 165 став 1 од Законот за јавни набавки.

Во текот на 2010 година од страна на Клиничка болница преземени се мерки за надминување на утврдените состојби односно, донесувањето на одлуките за јавни набавки, меѓународната објава, известувањето за извршениот избор и склучувањето на договори како и спроведените постапки за набавка на лекови со преговарање со и без објавување оглас, се во согласност Законот за јавни набавки. Во 2011 година во прилог на склучените договори се изготвува и спецификација со поединечни цени и количини.

4.4.3. Врз основа на Преглед на податоци за реализација на набавките по склучените договори доставен од страна на Клиничката болница за тековната 2009 година и 2010 година, констатирани се надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 666 илјади денари и тоа за:

- Набавки за стоки и услуги за колонијални и конзервирани производи, колонијални производи за коктели, стиропорни чинии и фолија за пакување на храна, тонери, одржување на објекти, обезбедување на лица и објекти, услуги за фотокопирање, интернет услуги, реагенси за трансфузиологија и рентген филмови и одржување на опрема (прилог Преглед бр.1).

Поради горе наведените недоследности Клиничката болница не обезбедува целосна транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, ефикасно искористување на средствата во постапките, како и следење на реализацијата за условите утврдени во договорите за јавни набавки.

**Препорака:**

Вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки, доделувањето на договорите за јавни набавки и реализација на набавките по склучените договори континуирано да ги превземаат потребните активности за

надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точката 4.2.1.е помалку искажана залиха и извори на залихата за 15.436 илјади денари во Билансот на состојба.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Клиничката болница, на ден 31.12.2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Клиничката болница, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот се јавува како купувач на здравствени услуги од здравствените установи, а во интерес на осигурените лица. Заради наведеното, Фондот склучил договор со Клиничка болница во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите, вклучувајќи ја и обврската за примена на референтни цени и користење на ДСГ (дијагностички сродни групи). Имајќи го во предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средства кои се очекуваат да се добијат од Фондот и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Наведеното доведува до влошување на финансиската состојба на Клиничка болница, особено во услови кога има многу неизмирени обврски спрема добавувачите. За 2010 година Клиничка болница има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во износ поголем за 13.166 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ.

6.2. Министерството за здравство има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека во рамките на Клиничка болница. Со издаденото решение основана е аптека како здравствена установа, а по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, во однос на простор, опрема и кадар, извршен е упис во Централниот регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, покрај лековите што се класифицираат како лекови што се издаваат во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на Јавната установа.

Доколку се имаат во предвид одредбите од Законот за здравствена заштита со кои се регулира прашањето на функционирање на аптеките, може да се констатира дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеката во состав на Клиничка болница, која не врши промет на мало туку истата е во функција на вршење на дејноста на Клиничка болница.

Согласно наведеното, потребно е да се преземе иницијатива за дополнување на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничка аптека, нејзиниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги врши, односно нејзините надлежности и одговорности.

6.3. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува преземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2010 година Клиничка болница има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 40.608 илјади денари. (во поголем износ во однос на одобрените средства по програми за целата Република)

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Евидентирани се побарувања од физички лица во вкупен износ од 61.547 илјади денари, од кои 52.844 илјади денари потекнуваат од минати години, додека останатите 8.703 илјади денари се од 2010 година. Побарувањата се по основ на извршени здравствени услуги на пациенти со статус на здравствено осигурени лица за кои не е платен придонес за здравствено осигурување од страна на работодавците, недоставена комплетна документација и ненаплатена партиципација од пациентите при прием и испис по извршено лекување. Клиничка Болница континуирано презема мерки за наплата на побарувањата од приватните лица, со доставување на опомени во текот на годината и поведување на судски постапки, по кои не е обезбедена значителна наплата на побарувањата.

Со воведување на концептот бруто плата од 2009 година надмината е можноста за пациенти со статус на здравствено осигурени лица да не е платен придонес за здравствено осигурување од страна на работодавците. Исто така во текот на 2011 година со назначување на лице за контрола на комплетирање на медицинската документација преземени се мерки за воспоставување контроли на комплетноста, уредноста и точноста на документацијата.

7.2. Клиничката болница на ден 31.12.2010 година има искажани неизмирени обврски спрема добавувачи во износ од 146.445 илјади денари, од кои 81.900 илјади денари се доспеани за плаќање. Со споредбена анализа на неисплатени обврски во период 2008-2010 година ревизијата утврди дека во 2009 година има зголемување на обврските во однос на 2008 година за 66.566 илјади денари или 116%, а во 2010 година има зголемување во однос на 2009 година за 22.314 илјади денари или 18%.




Клиничката болница во 2009 година извршила исплата на плати во поголем износ во однос на 2008 година од 58.733 иљади денари или 18% и тоа за исплата на плати на ново вработени 63 работници (со добиена согласност од Министерството за финансии) и исплата на разлика на плата со примената на концептот на бруто плата.




Поради не обезбедени дополнителни финансиски средства за исплата на зголемени плати во 2009 година за 88% се зголемени неисплатените обврски.

Ненавремената исплата на обврските кон доверителите има за ефект доверителите да поведат судски постапки за наплата на своите парични побарувања. Во 2009 и 2010 година надлежниот суд има донесено извршни судски решенија и наплатени основниот долг, камати и судски трошоци преку банката носител на платниот промет на Клиничка Болница.

7.3. Обрнуваме внимание во овој извештај дека Клиничката болница има судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи и тоа:

- во тек се 479 судски предмети во кои тужител е Клиничката болница по основ на побарувања од физички лица кои не се евидентирани и од правни и физички лица во износ од 6.038 илјади денари и
- пред надлежните судови се водат судски предмети по поведени постапки од страна на доверителите во кои тужена страна е Клиничката болница и тоа 2 постапки од вработени и 1 од физичко лице за кои вкупната вредност не може да биде определена и зависи од крајниот исход на постапката.

**Прифатени корекции во текот на ревизијата:**

Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2010 година и изработен е налог за сторно, за намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ од 1.208 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

**ЈЗУ Клиничка болница Битола**
**Средства од Буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 54,775 | 21,950 |
| Капитални приходи | 3 | 0 |
| Трансфери и донации | 527,851 | 550,990 |
| **Вкупно приходи** | **582,629** | **572,940** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 373,909 | 392,004 |
| Стоки и услуги | 206,566 | 178,637 |
| Каматни плаќања | 787 | 577 |
| **Вкупно тековни расходи** | **581,262** | **571,218** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,367 | 1,722 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,367** | **1,722** |
| **Вкупно расходи** | **582,629** | **572,940** |

**ЈЗУ Клиничка болница Битола**
**Средства од Буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 104,600 | 84,229 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,868 | 2,006 |
| Побарувања од вработените | 1,091 | 23 |
| Активни временски разграничувања | 183,995 | 164,132 |
| Залихи | 11,347 | 11,592 |
| **Вкупно тековни средства** | **302,901** | **261,982** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 34,664 | 34,664 |
| Материјални средства | 248,831 | 255,714 |
| **Вкупно постојани средства** | **283,495** | **290,378** |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 447 | 447 |
| **Вкупна актива** | **586,843** | **552,807** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 146,445 | 124,131 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 159 | 159 |
| Краткорочни финансиски обврски | 3,190 | 2,662 |
| Обврски спрема државата и други институции | 125 | 42 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 2 | 18 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 27,538 | 29,116 |
| Пасивни временски разграничувања | 114,095 | 93,054 |
| **Вкупно тековни обврски** | **291,554** | **249,182** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 295,289 | 303,625 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **295,289** | **303,625** |
| **Вкупна пасива** | **586,843** | **552,807** |

**ЈЗУ Клиничка болница Битола**
**Средства од Буџетот на РМ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **292,033** | **11,592** | **303,625** |
| **Зголемување по основ на:** | **112,462** | **159,636** | **272,098** |
| Набавки | 16,152 | 159,636 | **175,788** |
| Ревалоризација на капитални средства | 96,310 | - | **96,310** |
| **Намалување по основ на:** | **120,554** | **159,880** | **280,434** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 78,265 | - | **78,265** |
| Корекција на почетна состојба | 1,208 | | **1,208** |
| Потрошок на залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар | - | 159,880 | **159,880** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **283,941** | **11,348** | **295,289** |

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
КЛИНИЧКА БОЛНИЦА П О
"Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 19.10.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 735/1 | - | - |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 25.10.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | | |
| 27 | 156/10 | | |

ДО
Државен завод за ревизија

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки по нацрт извештај

Го разгледавме Нацрт извештајот од Државниот завод за ревизија кој го добивме на 23.09.2011год. со архивски бр.27-156/3 од 21.09.2011год.
Изразуваме благодарност за коректноста на нацрт извештајот и согласно законската можност ги доставуваме следните аргументирани забелешки кои се надеваме дека ке бидат разгледани од Ваша страна и прифатени во конечниот извештај.

Забелешка на навод од нацрт извештајот во резимето каде што се наведува дека „констатирано е нецелосно извршен попис на постојаните средства". Пописот на постојаните средства е целосно извршен и усогласен со книговодствената евиденција како и пописот на лекови и медицински материјали во болничка аптека.

Забелешка на нацрт извештајот по точка **4.1.1**. за „неправилно функционирање на воспоставените контроли пропишани со процедури за контрола кај архивското и сметководствено работење"

Во текот на цела 2010 год. Правилно се спроведуваше процедурата за архивско работење. Сите влезни и излезни документи се архивираа во архивска книга во архивата на болницата, освен влезните фактури кои до 07 месец 2010 год. не се архивираа во архивската книга на архивата, туку се водеше нивна евиденција во архивски дневник во набавно одделение во компјутер, каде во Листа на влезни фактури хронолошки и ажурно се евидентираа сите фактури.

Листата за влезни фактури содржи реден број на документ, архивски број на документ, број, дата, валута и износ на документ т.е. сите елементи согласно законот. На фактурата се бележи архивскиот број од листата на влезни фактури.

Ве молиме да ја разгледате аргументираната забелешка и да ја прифатите во конечниот извештај.

Прилог-Напечатен дел од листа на влезни фактури во набавно одделение.

Во текот на цела 2010 год во целост се спроведуваа процедурите за сметководствено работење во кои се содржани и контролни механизми, имено сите влезни и излезни фактури се контролирани на повеке нивоа и постои поделба на надлежностите и одговорностите на лицата задолжени за контрола.

Магационерот во соодветниот магацин е задолжен при прием на стоката да го проверува квантитативно и квалитативно приемот на истата и издава приемница на која со потпис потврдува. При набавка на лекови за приемот тврди и началникот на болничка аптека, покрај лицето кое ја примило стоката и се издава приемница, а контролата на услуги и работи ја вршат три лица два од техничка служба и еден службеник по решение од директор.

Прилог – копие од фактура со приемница. копие од решение и фактура.

Друго контролно ниво извршува раководителот на јавни набавки Дипл.екк. Соња Циуновска и раководителот на болничка аптека Дипл.фарм. Ели Димитрова кои во процедура како одговорни лица се задолжени да вршат реализација на јавната набавка т.е. ја поврзува фактурата со договорот за кој се однесува набавката и вршат контрола дали наведениот опис, цена и количина наведени во фактурата одговараат на склучениот договор за набавка. Сите горе наведени активности ги потврдува со потпис на документот, а задолжени се согласно акциониот план за јавни набавки.

Прилог – копие од акционен план и копие од фактура.

Трето ниво на контрола го извршува раководителот на финансова оператива Дипл. екк Дијана Ацеска - според процедура е задолжен да врши финансиска контрола (ликвидирање) на документите.

Во текот на цела 2010 год. истото одговорно лице за финансиска контрола ги контролираше и со потпис ги потврдуваше точноста и комплетноста на документите, со единствена разлика што од 07 месец 2010 год. се воведе и печат- ливидирал, што значи дека во текот на цела 2010 год. се почитувала и оваа процедура.

Прилог – копие од фактура до 07/2010год и копие од фактура од втора половина на 2010год.

Сметаме дека во текот на цела 2010 год. правилно функционираат контролните механизми и не постои ризик трансакциите евидентирани во деловните кнги на Клиничка болница да не се точни, целосни и навремени. Ве молиме, аргументираните забелешки да ги разгледате и ги прифатите во конечниот извештај.

Забелешка на нацрт извештајот по точка **4.1.2.**

По оваа точка сакаме да потенцираме дека последниве неколку години направени се многу напори ризикот да се сведи на минимум.

На неколку средби со министерот и заменикот министер за здравство уште во 2008-2009 год. барано е да се обезбедат финансиски средства за ново софтверско решение за болничко-амбулантско и финансиско работење. Одговорот беше дека со интегрираниот информатички систем кој ке се спроведи на ниво на цела република ке се реши проблемот кој и Вие го истакнувате во наводите. па затоа направивме напори со сопствени средства да воведеме, ново софтверско решение во материјално финаниското и амбулантското работење.

Воведовме многу активности и мерки за зајакнување на контролните механизми при мевидентирање на залихите на лекови и мед. Материјали по одделенија со цел намалување на ризиците од тој тип.

Формиравме Болнички комитет за лекови, во чиј состав членуваат фармацефти, лекари и економисти, со задача да води контрола на препишување на лекови и одобрување на набавка на скапи лекови со воведување на формулар за одобрување на набавка за скап лек. Комисијата во полн состав работеше со успех.

Прилог: Записник од конституирање на Бол.комитет за лекови.

Со решение се задолжија вработените фармацефти во Клиничка боница да вршат контрола на трошењето, залихите и соодветна евиденција на одделенијата со кои се задолжија.

Прилог – наредба

Се воведе систем на дневно требовање по пациент со што исто така се зајакнаа контролните механизми.

Во форма на наредба се доставуваа укажувања до сестрите и операторите за соодветно и дневно евидентирање на лековите на излез по пациенти .

Забелешки по точка **4.1.2; 4.1.3; и 4.1.4.**

Во наредниот период се планира пред се upgrade на апликацијата за болничко работење на друга платформа.

Нашиот болнички софтвер кој егзистира повеке од 15 години изработен во Oracle RDB технологија е некомпатибилен за искористување на сите можности кои ги нуди современата компјутерска технологија.Тука пред се мислиме на користењето на barcode читачите за внос на примени и потрошени лекарства.Овај принцип на работа ни е неопходен во подобрување на евиднецијата на лекарствата и залихите на истите по оддели,како и контрола на забрана на фактурирање на лекови кои ги нема на залиха на одделот.

Користењето на дигитална меморија за архивирање пр.слики од компјутерски томограф или рентген апарат е една од целите на болничкиот информационен систем.Понатаму,согласно ИЗИС-от се наметнува употребата на читачите на ЕЗК во блиска иднина.За ова ќе мора да се изработи interface за внес на овие податоци во нашата база.Сите овие барања од законска и од наша страна ќе се реализираат на друго технолошко ниво.

Тргнувајќи од пилот проектот изработен бесплатно од страна на Неоком , една од водечките ИКТ компании во Македонија, во соработка со нашиот ИТ сектор развојот ќе продолжи во таа насока.

Имено како донација од Intel преку Министерот за информатичко општество нашата болница доби еден таблет компјутер т.н. MCA (mobile clinical assistant).На него има вградено уреди како barcode reader,digital camera,fingerprint и сл.Изработен е interface за преглед на анамнестички податоци, ажурирање и додавање на нови. Пилот проектот изработен е во APS.NET технологија, а во позадина се наоѓа веб сервер Microsoft IIS кој преку ODBC поврзување пристапува до централната база на податоци.

Овај мини проект се однесува на мал дел од болничкиот софтвер кој значи внес на моментални и листање на претходни анамнестички податоци за пациентот.Ова е само почеток се надеваме на комплетен upgrade на нашата

болничка апликација на друго технолошко ниво кое ке значи практично искористување на сите можности на МСА.

Ова зависи пред се од понатамошната донација на Intel како и финансиската помош преку Министерот за информатичко општество за wireless network која ќе мора да се инсталира во болницата.

Но без оглед на реалноста на овие донации ние сме спремни постапно со купување на баркод читачи и изградба на безжична мрежа од сопствени средства да го довршиме овај проект и ја префрлиме целата болничка апликација на новата технолошка платформа со базата која би останала во позадина на Алфа серверот и таму би се вршеле записите.Ова значи исто така и нова постапка за набавка на надградба на софтвер и обезебедување на средства во планот за јавни набавки за идната година.

Во однос на останатите апликации ќе се оди само на тековно одржување и измени согласно законски прописи и барања .

Во хардверскиот дел покрај набавка на уреди потребни за безжичната мрежа ги пратиме и ги реализираме потребите од набавка на нови компјутери,штампачи и сл.

Што се однесува до заштита на податоците како и претходно што нагласив снимање се врши на соодветни медиуми секојдневно во болничкото работење и еднаш неделно во другите апликации И тоа е процес кој трае од секогаш и не знам зошто е ставена забелешка во
тој дел.

За безбедноста на серверите согласно финансиските средства имаме соодветна хардверска и софтверска заштита на Windows серверот ,а искуството од 10 години со ALFA серверот покажа дека кај него нема потеба за додатни инвестиции во однос на безбедноста од неовластен пристап.

Привилегии на системско ниво има поделени,а истио и на операторско ниво за болничката апликација.

На крајот на 2011 година ќе се спроведе попис на лекови и потрошни материјали на сите оддели (и оние кои беа пропуштени),а повторно со контроли се настојува да се врши дневен внес на потрошеното како би можела да се утврди што пореална состојба на компјутерскиот попис. и да се направи споредба сио фактичката состојба

Забелешка по точка **4.3.1** во однос на необележувањето со инвентарни броеви на опремата во 2011 год. постапка за набавка на инвентарни броеви е во тек.

По однос на наводите дека пописните листи не содржат податок на сметката на кое припаѓа секое средство, пописните листи за основни средства на Клиничка болница Битола содржат број на организациона единица и име на организациона единица на кои се однесува пописот.

Прилог: Копие од оддлука за вршење на попис; состојба по организациони единици; пописна листа на основни средствасо шифра на основното средство и упатство за работа.

Забелешка во нацрт извештајот во точка **4.4.1.** по неколку изнесени ставки.

Во врска со наводите дека одлуките за јавни набавки и нивната содржина не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки.

Врз база на изготвена спецификација во која е содржан видот и обемот на набавки од што произлегува и вкупниот износ на набавката, одговорното лице на болницата носи одлука за јавна набавка.

Во одлуката за јавна набавка децидно стои дека „видот и обемот на набавка детално се содржани во спецификацијата за јавна набавка" а во некои одлуки во самата одлука стои дека спецификацијата е прилог за одлуката за јавна набавка . Во сите случаеви при актот на носење одлука работоводниот орган се повикува на спецификацијата како составен дел од одлуката за јавна набавка.

Прилог; одлука за јавна набавка и спецификација за видот и обемот.

Во врска со наводите дека учесниците во постапката не се известени за извршениот избор на најповолна понуда согласно член 167 и 216 од Законот за јавни набавки имаме забелешка и тврдиме дека известувањето на добавувачите и склучувањето на договорите после конечноста на одлуката е согласно горе наведениот закон.

Известувањето на учесниците на тендер во 2009 год. се вршеше преку препорачана пошта која уредно и ажурно е евидентирана во доставната книга за препорачана пошта во архивата на Клиничка болница Битола. На истиот принцип се доставуваа и склучените договори со избраните економски оператори.

Тврдиме дека во сите случаеви договорот е склучен по конечноста на одлуката за избор, согласно член 167 и 216 од Законот за јавни набавки.

Во прилог Ви доставуваме : копие од одлука за избор, копие од доставна книга, копие од склучен договор со таа одлука, доставна книга со датата на испракање на договорот за повеќето тендери кои ги имате наведено во точка 4.4.1од нацрт извештајот.

Забелешка во нацрт извештајот по точка 4.4.1.- дека отсуствува поединечна цена – вид, количина и не е во согласност со член 165 став 1 од Законот за јавни набавки , појаснуваме дека при склучување на договорите за 2009 год. службата користеше, „техника на поедноставување" во консултација со Бирото за јавни набавки, бидејки во повеќето од тендерите имаше поголем број на ставки.

Во секој договор беше наведен бројот на лот и бројот на ставка од тендерската спецификација за која се склучува договор, а сите економски оператори беа задолжени при изготвување на понудата да се придржуваат на редниот број од тендерската спецификација.

Во договорот се повикуваме на склучување на договор по одредена ставка под услови кои во понудата ги понудила договорената страна, без обврска за набавка на цела количина и сукцесивност во набавката.

Прилог: договор и спецификација.
Во горе наведените забелешки Ви потврдуваме дека иако не е запазена формата во поедини случаи, суштината и целта на членовите од законот е постигната, со што принципите на законот за јавни набавки за транспарентност и конкурентност се почитувани и во спроведување на постапките за јавните набавки е запазена законитоста.

Забелешки изразуваме по наводот за тендер бр. 43//99 околу барањето на квалитет на кесите за крв и лекитe. Вистина е дека во тендерот не е предвиеден квалитет, но при набавка на стоката го бараме квалитетот што економскиот оператор го гарантира со сертификатот и тука наоѓане забелешки.

Ве молиме, документираните забелешките кои ги имаме по точка 4.4.1да ги разгледате и ги прифатите во конечниот извештај.

Забелешка во нацрт извештајот во точка **4.4.3.**

За пречекорување на склучените договори во табелата која ја давате во прилог. За договорите во кои констатирате дека пречекорувањето е од причина на направена грешка во поврзување на реализацијата од соодветен договор ги извршивме следните корекции со цел корекција на релизација на јавна набавка по договорите како следува:

Констатираното надминување по договор бр. 01/32/01/022 од 01.04.2009 год. на износ од 19 илјади денари, од добавувачот Фришко Битола произлегува од погрешна реализација по овој договор на фактура бр. 075-09 од 28.04.2009 год, на износ од 34 илј. ден., извршена е корекција и реализацијата на таа фактура е извршена од соодветниот договор со бр. 01-111-05-000 со важност од 02.05.2008 год. до 02.05.2009 год.

По извршената корекција на договор бр. 01/32/01/022 од 01.04.2009 год. од добавувач Фришко нема надминување на реализацијата.

Прилог: копија од фактура 075-09, копија од договор 01/32/01/022 и 01-111-05-000 и копија од корегирана реализација

Констатираното надминување по договор бр.01/32/01/47 од 16.09.2009 год. на износ од 65 илјади денари, од добавувачот Фришко Битола произлегува од погрешна реализација по овој договор на фактура бр. 96-10 од 28.05.2010 год, на износ од 34 илј. ден., извршена е корекција и реализацијата на таа фактура е извршена од соодветниот договор со бр. 01-293-09-001 со важност од 18.05.2010 год. до 18.05.2011 год.

Прилог: копија од фактура 96-10, копија од договор бр. 01/32/01/47 и бр. 01-293-09-001, од корегирана реализација.

Констатираното надминување по договор бр.01/206/03/000 од 27.06.2010 год. на износ од 106 илјади денари, од добавувачот Гарда Битола произлегува од погрешна реализација по овој договор на фактура бр. 928-Ф/07 од 01.07.2010 год, на износ од 88 илј. ден., извршена е корекција и реализацијата на таа фактура е извршена од соодветниот договор со бр. 01-140-10-000 со важност од 28.06.2010 год. до 28.06.2011 год.

Прилог: копија од фактура 928-Ф/07, копија од договор бр.01/206/03/000 и, бр. 01-140-10-000 од корегирана реализација.

Забелешка по навод за надминување на реализација на договор бр. 01/32/01/058/1 од 11.12.2009 год. со економскиот оператор Неотел за износ од 85 илј. ден.

Надминувањето е од причина на погрешно поврзување на фактури со
бр. 2008967 од 28.02.2010 год. на износ од 23 илј. ден.
бр. 4025411 од 07.04.2010 год. на износ од 14 илј.ден
бр. 4026508 од 30.04.2010 год. на износ од 24 илј.ден
бр. 5036015 од 31.05.2010 год. на износ од 23 илј.ден
со договор 01/32/01/058/1, а реализацијата на исте треба да се изврши од договор 01/32/01/058/2 со што се исцрпува тој договор.

Прилог – копие од реализација на договор...

Забелешка по договор 01-72-01-04 од добавувач Инфотехника за надминување на договор на износ од Ден. 40 илј. ден , пречекорувањето е поради трошење на тонерите од итнос и во ситуација на добиени компјутери од Министерството за здравство.

Прилог: објаснување за надминување на договор од Раководителот на набавна служба и копие од добиените инфорнатички средства.

Забелешка имаме на констатацијата дека договорот бр. 01./702/4 од 26-12-2008 год до 26.12.2010 год. со добавувачот Автоас Битола, е исцрпен во 2010 год. за износ од 223 илј. ден. не е точен, во реализацијата на Клиничка болница Битола нема надминување во ралuзација на договор со бр. 01/702/04/000 со со Автоас за што во прилог Ви доставуваме реализација за тој договор.

Ве молиме да го прифатите фактот што фактурите за кои сметате дека е извршено надминување на договорот всушност се однесуваат на реализација од договор со бр. 01-330-08 од 01.02.2008 до 02.03.2009 год. на износ од 700 илј ден. и набавка од мала вредност со бр. 01/183/2/01 од 10.01.2008 год. до 10.01.2009 год. и тоа како следува во прилогот од реализацијата.

Датата кога е извршена услугата за одржување на возила на испратницата е доказ дека услугата е извршена во период на склучен договор пред договорот 01-702-04-000, иако фактурите имаат дата на фактура 06.02.2009 год. т.е. од страна на економскиот оператор се фактурирани покасно месец до два од периодот на реално направената услуга која е заведена во испратниците на конкретните фактури, службите беа принудени реализацијата на фактурите да ја спроведат според датата на испратница со оглед на тоа што важеле условите од претходните договори.

Ве молиме да ја прифатите нашата сугестија и да извршите корекција на надминувањето кое сте го констатирале, а во Клиничка болница Битола не постои.

Прилог реализација на договорот со Автоас 2007, 2008 год. и фотокопие.

Ве молиме да ја разгледате корегираната реализација за горенаведените договори и ја прифатите во конечниот извештај.

**ВД ДИРЕКТОР**
Дипл.екк. Јованка Бектешоска

Раководител на економски сектор
Дипл.екк. Сузана Бошевска

Раководител на АОП
Дипл. инг. Биљана Христовска

Раководител на сектор за јавни набавки
Дипл.екк. Соња Циуновска

Шеф на сметководство
Дипл. екк. Дежда Дејановска

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 25.10.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Клиничка болница "Д-р Трифун Пановски" Битола од страна на законскиот застапник, вршителот на должноста директор од 15.09.2011 година, раководителот на економски сектор, раководителот на секторот за јавни набавки и раководителот на АОП, заведени во Државниот завод за ревизија под број 27-156/10.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатациите од **точката 4.1.1.** која се однесува на неправилно функционирање на воспоставените контроли пропишани со процедурите за контрола кај архивското и сметководственото работење **не се прифаќа**. Имено, документацијата во деловникот која не е хронолошки и ажурно презентирана во одделни случаи не е контролирана од лицето ликвидатор надлежен за финансиска контрола, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Клиничката болница ги презентира причините поради кои влезните фактури до 07 месец 2010 година не се архивирани во архивската книга на Клиничката болница, односно истите се заведени само во електронска форма во листа на влезни фактури. Со тоа се потврдуваат констатациите изнесени во наодот дека документацијата во деловникот не е хронолошки и ажурно презентирана и на самиот документ нема доказ дека истите се архивски заведени со архивски број.

   Имајќи во предвид дека од страна на работоводниот орган на Клиничката болница од месец јули 2010 година се преземени мерки и активности за воспоставување и функционирање на утврдените контроли, ревизијата нема дадено препорака за наодот.

2. Забелешката на констатациите од **точката 4.1.2.** која се однесува на неправилно функционирање на контролите од страна на службата за АОП кои се предвидени со процедурите за контрола, а се однесуваат на евидентирање на потрошокот и пописот по организациони единици - одделенија/дневни болници, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници според содржината **претставува објаснување** од страна на Клиничката болница за превземените активности и мерки за зајакнување на контролните механизми при евидентирање на залихите на лекови и медицински материјали.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

3. Забелешките на констатациите од **точките 4.1.3.** и **4.1.4.** која се однесува на констатираните состојби на снимениот информационен систем и на апликациите кои се користат во Клиничка болница **претставуваат објаснување** од страна на Клиничката болница за превземените активности и мерки за подобрување на наведените состојби согласно со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност со цел да се развие информациониот систем, како и намалување на валидноста и комплетноста на податоците и соодветно користење на апликациите.

4. Забелешката на констатациите од **точката 4.3.1. алинеја 1** која се однесува на констатираните состојби дека поединечната опрема не е обележана со инвентарни броеви, **претставува објаснување,** од страна на Клиничката болница дека е во тек постапка за набавка на инвентарни броеви. Упатената забелешка која се однесува на констатираните состојби дека пописните листи не содржат податок за сметката на која припаѓа секое средство **не се прифаќа**, поради тоа што субјектот не доставил дополнителни докази кои би биле прифатливи од страна на ревизијата.

5. Во однос на забелешките од точката **4..4.1.** ревизијата констатира:
   - Забелешката на констатациите од **точката 4.4.1. алинеја 1** која се однесува на констатираните состојби дека Одлуките за јавна набавка кај спроведените постапки бр.23/2009, 24/2009 28/2009, 29/2009, 4/2009, 6/2009, 10/2009 и 25/2/2009 не содржат обем и вид на набавка, што не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки, **се прифаќа**, поради дополнително доставена документација, односно спецификации по постапките.

   - Забелешката на констатациите од **точката 4.4.1. алинеја 2** која се однесува на констатираните состојби дека учесниците во постапката не се известени за извршениот избор за најповолна понуда со што не може да се утврди дали договорот е склучен по конечноста на одлуката за избор, што не е во согласност со член 167 и член 216 од Законот за јавни набавки, **не се прифаќа**. Клиничка болница го елаборира начинот на известување на учесниците за извршениот избор со заведување во доставна книга на Одлуката за избор, но не се доставени дополнителни докази дека се доставени известувања до економските оператори во кои треба да бидат наведени причините за избор или неизбор, заедно со Одлуката за избор.

   - Забелешката на констатациите од **точката 4.4.1. алинеја 3** која се однесува на констатираните состојби дека склучените договори со избраните економски оператори се во вкупна вредност без поединечна цена, вид и количина за предметот на набавка наведени во понудите, што не е во согласност со 165 став 1 од Законот за јавни набавки, **се**

**прифаќа**, поради тоа што спецификациите кои се прилог на договорите ги содржат потребните податоци, согласно наведениот член.

- Забелешката на констатациите од **точката 4.4.1. алинеја 6** која се однесува на констатираните состојби дека во отворената постапка за набавка на кеси за крв и очни леќи бр.43/2009 тендерската документација не содржи технички карактеристики на предметот на набавка и не е предвиден квалитет како критериум кој се бара при испораката, **не се прифаќа**. Клиничката болница ги потврдува состојбите од наодот, но истакнува дека при набавка на стоката економскиот оператор го гарантира квалитетот со сертификат. Ревизијата истакнува дека со наведените констатации од страна на Клиничката болница се потврдува утврдената состојба со што доколку за предметот на набавка е значаен квалитетот при испораката, истиот треба да се предвиди и со тендерската документација како еден од критериумите за избор.

6. Забелешката на констатациите од **точката 4.4.3.** која се однесува на констатираните состојби во делот на Прегледот на податоци за реализација на набавките по склучените договори доставен од страна на Клиничката болница за тековната 2009 година и 2010 година, каде се констатирани надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 932 илјади денари, **делумно се прифаќа**. Клиничката болница ги потврдува состојбите од наодот, дава објаснување дека констатираните пречекорувања се поради направена грешка во поврзување на реализацијата од соодветен договор и известува дека во периодот по доставување на Нацрт извештајот се извршени корекции, со што се бара да се прифати извршената корекција на реализацијата на јавните набавки по договорите. Ревизијата истакнува дека со наведените констатации од страна на Клиничката болница се потврдува констатираната состојба, а извршената корекција на реализацијата на јавните набавки по договорите делумно е прифатена, при што вкупните надминувања изнесуваат 666 илјади денари. Доставените докази по договор бр.01/702/4 од 26.12.2008 година не се прифатени и укажуваат на неправилно донесено решение за спроведување набавка од мала вредност од 08.01.2008 година и спроведена постапка за јавна набавка согласно Закон за јавни набавки од 2004 година (Сл. весник на РМ 19/04), одлуката) во период кога е на сила новиот Закон за јавни набавки (Сл. Весник на Р. Македонија бр.136/07 од 12.11.2007 година), кој согласно член 238 се применува од 01.01.2008 година.